Согласно член 103, став 1, точка 3, во врска со член 149 став 1од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/18, 178/21 и 58/24), Американскиот универзитет на Европа - ФОН распишува:

# К О Н К У Р С
## за запишување студенти на прв и втор циклус студии во академската 2025/2026 година

### Прв циклус на студии:

Американскиот универзитет на Европа - ФОН распишува конкурс за запишување на студенти во академската 2025/2026 година, на прв циклус студии (тригодишни студии), 180 ЕКТС кредити, на следната студиска програма:

- **Факултет за правни и политички науки**:
    - Правни студии - академски, додипломски студии,  слободни 80 места.

На прв циклус студии (четириригодишни студии), 240 ЕКТС кредити, на следните студиски програми:

- **Факултет за правни и политички науки**:
    - Политички науки - академски, додипломски студии, 40 слободни места.
- **Факултет за економски науки**:
    - Деловна економија, насока Маркетинг - академски, додипломски студии, 80 слободни места;
    - Деловна економија, насока Финансии - академски, додипломски студии, 80 слободни места;
    - Деловна економија, насока Бизнис менаџмент - академски, додипломски студии, 80 слободни места.
    - Спортски менаџмент академски, додипломски студии, 40 слободни места.
- **Факултет за детективи и безбедност**:
    - Криминалистика - академски, додипломски студии, 200 слободни места.
- **Факултет за информатика**:
    - Компјутерски науки - академски, додипломски студии, 100 слободни места.
- **Факултет за дизајн и мултимедија**:
    - Графички дизајн - академски, додипломски студии, 40 слободни места;
    - Мултимедија - академски, додипломски студии, 40 слободни места;

- Моден дизајн - академски, додипломски студии, 20 слободни места.

Студиските програми на АУЕ - ФОН се реализираат во Скопје.

Наставата на студиските програми и другите наставни активности може да се реализираат на Македонски или на Англиски јазик, преку прозорци на мобилност, во зависност од изборот, интересот, јазичната подготвеност и потребите на студентот.

Доколку на одредена студиска програма се пријават помалку од 10 кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување во прва година на прв циклус студии, АУЕ - ФОН има право да не започне со настава на таа студиска програма, а на пријавените кандидати ќе им понуди да се запишат на некоја од другите студиски програми или ќе организира менторска настава.

Кандидатите се запишуваат како редовни студенти или како вонредни студенти.

Право на запишување во прва годинана прв циклус студии, за прв пат, имаат кандидатите со завршено четиригодишно средно образование кои имаат положено државна или меѓународна матура, како и кандидатите кои завршиле средно образование пред учебната 2007/2008 година и не полагале државна матура.

Кандидатите кои средното образование го стекнале во странство треба да имаат решение од Министерството за образование и наука за признавање на образовна квалификација стекната во странство (нострификација). Кандидатот ги доставува и документите врз основа на кои е извршено признавањето, во оригинал и нотарски заверен превод на македонски јазик.

Рангирањето на пријавените кандидати се врши врз основа на вреднување изразено во поени за успехот од средното образование и државната матура. Кандидатите кои имаат завршено средно образование пред учебната 2007/2008 година и кандидатите кои завршиле средно образование во странство, се запишуваат само врз основа на успехот од средното училиште.

Студирањето на АУЕ - ФОН е со лично финансирање.

Висината на годишната школарина за сите студиски програми изнесува 2.000 евра годишно, за македонски државјани, односно 4.000 евра годишно за странски државјани.

Менаџментот на АУЕ - ФОН има право да определи и друга, пониска годишна школарина за определен студент.

Плаќањето се врши во денарска противвредност.

АУЕ - ФОН ќе склучи поединечни договори за студирање со секој кандидат кој се запишал на студии, каде ќе биде утврдена висината на годишната школарина и начинот на плаќањето.

Постапка и рокови за пријавување на кандидатите и запишување на студиите:

- **прв упишен рок:**
  - **за пријавување - од распишување на конкурсот до 13 јуни 2025**
  - **за запишување - од 16 јуни 2025 до 20 јуни 2025**
- **втор уписен рок:**
  - **за пријавување - од 23 јуни 2025 до 01 септември 2025**
  - **за запишување - од 02 септември 2025 до 05 септември 2025**
- **трет уписен рок:**
  - **за пријавување - од 08 септември 2025 до 19 септември 2025**

- **за запишување - од 22 септември 2025 до 30 септември 2025**

При пријавување за запишување потребна е следната документација:

- Свидетелства од сите четири години на средно образование;
- Диплома за завршено средно образование со положена државна односно меѓународна матура;
- Извод од матична книга на родените;
- Уверение / Решение за државјанство;
- Уплата на првата рата од школарината;
- Три фотографии со димензии 3,5 х 4,5 см.

## Втор циклус на студии:

Американскиот универзитет на Европа - ФОН распишува конкурс за запишување на студенти во академската 2025/2026 година, на втор циклус студии (едногодишни студии), 60 ЕКТС кредити, на следните студиски програми:

- **Факултет за правни и политички науки**:

- Политички науки - академски, постдипломски студии, слободни 25 места;
- Политички науки втор циклус стручни (специјалистички) студии, слободни 25 места;
- Напредни последипломски студии за интеграција во Европска Унија, академски (магистерски) срдуии, заеднички последипломски студии во соработка со Меѓународниот центар за европско образование - МЦЕО, Ница;
- Деловно право од втор циклус стручни (специјалистички) студии, слободни 50 места;
- Деловно право од втор циклус академски (магистерски) студии, слободни 50 места;
- Казнено право од втор циклус специјалистички студии, слободни 50 места;
- Казнено право од втор циклус магистерски студии, слободни 50 места;
- Граѓанско право од втор циклус стручни (специјалистички) студии, слободни 50 места;
- Граѓанско право од втор циклус академски (магистерски) студии, слободни 50 места;

- **Факултет за економски науки**:

- Деловна економија, насока Маркетинг - стручни студии, 40 слободни места;
- Деловна економија - Маркетинг - академски, постдипломски студии, 50 слободни места;
- Деловна економија, насока Финансии - стручни студии, 40 слободни места;
- Деловна економија, насока Финансии и банкарство - академски, постдипломски студии, 50 слободни места;
- Деловна економија, насока Бизнис менаџмент - стручни студии, 40 слободни места;
- Деловна економија, насока Бизнис менаџмент - академски, постдипломски студии, 50 слободни места;

- Спортски менаџмент - стручни студии, 25 слободни места;
- Спортски менаџмент - академски, постдипломски студии, 25 слободни места;

- **Факултет за детективи и безбедност**:
  - Криминалистика - стручни студии, 80 слободни места;
  - Безбедност - академски, постдипломски студии, 80 слободни места.

- **Факултет за информатика**:
  - Компјутерски науки - академски, постдипломски студии, 50 слободни места.

- **Факултет за дизајн и мултимедија**:
  - Графички дизајн - стручни студии, 15 слободни места;
  - Графички дизајн - академски, постдипломски студии, 15 слободни места;
  - Мултимедија - стручни студии, 15 слободни места;
  - Мултимедија - академски, постдипломски студии, 15 слободни места;
  - Моден дизајн - стручни студии, 10 слободни места;
  - Моден дизајн - академски, постдипломски студии, 10 слободни места;
  - Дизајн на архитектонски простор - стручни студии, 15 слободни места;
  - Дизајн на архитектонски простор - академски, постдипломски студии, 15 слободни места.

Право на запишување на втор циклус студии имаат кандидати кои завршиле прв циклус студии на соодветни или сродни студии и стекнале најмалку 180 ЕКТС кредити (на втор циклус, специјалистички студии), односно стекнале најмалку 240 ЕКТС кредити или стекнале VII/1 степен на образование (на втор циклус, магистерски) студии и кои исполнуваат други услови предвидени со студиските програми за организирање втор циклус студии на соодветниотфакултет.

Наставата на студиските програми и другите наставни активности може да се реализираат на Македонски или на Англиски јазик, преку прозорци на мобилност, во зависност од изборот, интересот, јазичната подготвеност и потребите на студентот.

Студирањето на АУЕ - ФОН е со лично финансирање.

Висината на годишната школарина за сите студиски програми изнесува 2.000 евра годишно, за македонски државјани, односно 4.000 евра годишно за странски државјани.

Годишната школарина за студиската програма: Напредни последипломски студии за интеграција во Европска Унија, академски (магистерски) срдуии, заеднички последипломски студии во соработка со Меѓународниот центар за европско образование - МЦЕО, Ница изнесува 10.000 евра, и за македонски и за странски државјани, без можност за огранизирање менторска настава.

Менаџментот на АУЕ - ФОН има право да определи и друга, пониска годишна школарина за определен студент.

Плаќањето се врши во денарска противвредност.

Студиските програми на АУЕ - ФОН се реализираат во Скопје.

АУЕ - ФОН ќе склучи поединечни договори за студирање со секој кандидат кој се запишал на студии, каде ќе биде утврдена висината на годишната школарина и начинот на плаќањето.

Постапка и рокови за пријавување на кандидатите и запишување на студиите:

- **прв  уписен рок:**
  **за пријавување  - од распишување на конкурсот до 13 јуни 2025**
  **за запишување - од 16 јуни 2025 до 20 јуни 2025**
- **втор уписен рок:**
  - **за пријавување - од 23 јуни 2025 до 24 октомври 2025**
  - **за запишување - од 27 октомври 2024 до 31 октомври 2024**
- **трет уписен рок:**
  - **за пријавување - од 03 ноември 2025 до 06 февруари 2026**
  - **за запишување - од 09 февруари 2026 до 13 февруари 2026**

Потребни документи за пријавување и запишување:

- Пријавен лист;
- Диплома / уверение за завршен прв циклус студии;
- Додаток на диплома;
- Извод од матична книга на родените;
- Уверение / решение за државјанство;
- Уплата на првата рата од годишната школарина;
- Три фотографии со димензии 3,5 x 4,5 см.

Кандидатите кои претходното образование го стекнале во странство треба да имаат решение од Министерството за образование и наука за признавање на странска диплома (нострификација).

Сите документи се доставуваат во оригинал, секој ден од понеделник до петок од 08:00 до 16:00 часот на АУЕ - ФОН.

**Контакти:** Скопје, бул. Киро Глигоров бр. 5
тел. 02 / 2445-503
070/345-999